**ЗДРУЖЕНИЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Босфор бр. 7, Мралино, 1041 Илинден,
РС Македонија; www.zklm.org
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: president@zklm.org

IFATCA MEMBER

*До:*

*Г-дин Томислав Тунтев, Директор на АЦВ*

*Г-дин Георги Димов, Отсек за воздухопловна медицина при АЦВ*

Предмет: Барање за придржување до Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање, како и на Регулативата 340 (EU REG 340/2015)

Почитувани,

Ви се обраќам во името на контролорите и помошниците контролори на летање, членови на Здружението на контролори на летање на Македонија-ЗКЛМ.

Агенцијата за цивилно воздухопловство, како наш регулатор, најдобро ја разбира суштината на нашата професија. Европските регулативи заедно ги имплементираме, рамо до рамо години наназад. Од сите останати структури во државата, после М-НАВ, Вие како АЦВ најмногу го познавате стресот и притисокот на кој нашата фела е изложена при секојдневното извршување на професионалните обврски и задолженија.

Во овој допис сакаме да се осврнеме на извршувањето на прегледите за лекарско уверение на контролорите на летање и помошниците контролори на летање (КЛ и ПКЛ), од страна на Кабинетот за воздухопловна медицина, ГОБ 8ми Септември, Скопје. Имено, се повеќе КЛ и ПКЛ го изразуваат своето отворено незадоволство од односот и третманот, како и условите за време на лекарските прегледи во Кабинетот за воздухопловна медицина. Сигурно и Вие сте запознаени некои од случаите.

Нашата професија е доволно стресна и сметаме дека е недозволиво при лекарските прегледи за евалуација на кандидатите, истите да бидат изложувани на дополнителни психички тортури и стигматизирање поради здравствена состојба, што предизвикува чувство на страв и неизвесност кај кандидатот кој треба да се стекне со лекарско уверение. Бараме лекарите кои се

**ЗДРУЖЕНИЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Босфор бр. 7, Мралино, 1041 Илинден,
РС Македонија; www.zklm.org
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: president@zklm.org



сертифицирани за AME од страна на АЦВ, да бидат со добронамерно, хумано и советодавно однесување и со препорака кон подобрување на нашето здравје, како што налага докторската етика. Да не нè условуваат со неиздавање лекарско уверение доколку здравјето на кандидатот е во рамките на *Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање, како и на Регулативата 340 (EU REG 340/2015).*

AME докторите од Кабинетот за воздухопловна медицина, ГОБ 8ми Септември не ретко бараат дополнителни испитувања, често само со нивна усна дијагноза, а самите не се во позиција да издаваат интерклинички упати за специјалистички прегледи. Па така ги товарат кандидатите без писмен упат да одат на дополнителни прегледи, или истото да го направат во свое приватно време на друго место. По донесените завршени испитувања не ги почитуваат и усвојуваат донесените резултати од соодветните специјалисти кај кои ги упатиле кандидатите. Од тука произлегува и револтот на нашите членови и потребата да Ви се обратиме.

Почитувани, од Вас, како регулатор, бараме и Ве замолуваме да постапите во рамките на своите надлежности и да овозможите почитување на *Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање, како и на Регулативата 340,* од страна на Кабинетот за воздухопловна медицина, ГОБ 8ми Септември.

Во однос на сето ова, се повикуваме само на некои точки од *Правилникот: ATCO MED.A.025 Обврски на AeMc и AME:*

*(a) По завршување на воздухопловно-медицинските прегледи и процени AeMc и AME:*

*(1) Го известуваат подносителот на барањето дали е <u>способен, неспособен или се упатува кај надлежен орган кој издава дозволи.</u>*

*.....*

*(4) до надлежниот орган кој издава дозволи <u>веднаш</u> доставуваат потпишан, или електронски заверен извештај кој содржи детални резултати од воздухопловно-медицинскиот преглед и процена за лекарско уверение и примерок од образецот на барањето, образецот од прегледите и од лекарското уверение.*

Придржувањето до овие точки од Правилникот од страна на Кабинетот за

ЗДРУЖЕНИЕ НА
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
ул. Босфор бр. 7, Мралино, 1041 Илинден,
РС Македонија; www.zklm.org
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: president@zklm.org

воздухопловна медицина, ГОБ 8ми Септември, ни е од особено значење, бидејќи секој кандидат за лекарско уверение има должност за исходот од лекарскиот преглед веднаш да ги извести своите претпоставени во СВН, М-НАВ, Скопје, кои понатаму го организираат работниот процес, со цел *безбедно, редовно и експедитивно одвивање на воздушниот сообраќај.*

Ве молиме и да ги потсетите на делот од Правилникот ATCO MED A015 кој се однесува на *Лекарска тајна*: *"Сите лица кои се вклучени во воздухопловно-медицинските прегледи, воздухопловно-медицинските процени и издавање на уверенија обезбедуваат дека лекарската тајна се почитува за цело време"* .

Почитувани, контролорите на летање и помошниците контролори на летање максимално ги почитуваат регулативите и правилниците кои АЦВ, како регулатор, ги носи и пропишува. Ве потсетуваме дека профилот на луѓе селектирани за оваа професија се луѓе со висока самодоверба која не смее да изостане заради ефикасноста на водењето на сообраќајот. Лекарските прегледи не треба да бидат средство за намалување на таа самодоверба, напротив, треба да се одвиваат во stres-free опкружување, како и во високопрофесионални услови кои ќе направат кандидатите да се чувствуваат почитувано и заштитено.

Искрено се надеваме дека наскоро ќе имаме можност своите лекарски прегледи да ги вршиме и во други сертифицирани центри во нашата држава, што секако би било во интерес на сите засегнати учесници во авионската индустрија кај нас, а најмногу во интерес на безбедно, редовно и експедитивно одвивање на воздушниот сообраќај.

Со почит,　　　　　　　　　　　　　　Скопје, 12.04.2023год.

Наташа Мијат Крстевска,

Претседател на ЗКЛМ